РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 03-10
22.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4790/1 од 19.11.2024 година и Заклучокот бр.02-245/7 од 22.01.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 21.01.2025 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност (ТДРД) СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4-ти ноември 2024 г., во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (српски, или англиски, или албански), без притоа да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4790/1 од 19.11.2024 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени

врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19-ти ноември 2024 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4-ти ноември 2024 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со надзорот е констатирано дека на програмскиот сервис на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 4-ти ноември 2024 г., во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици, без да биде обезбеден превод на македонски јазик (согласно дозволата Уп1 бр.08-56 од 07.09.2023 година за телевизиско емитување, треба да емитува програма на македонски јазик). Така, во рамки на емисијата „Радиус – Свадбениот пат на јагулата“ е емитувана изјава на соговорник од Албанија, изворно на албански јазик, без превод на македонски јазик. На крајот од документарната емисија „Планетата земја - Пештери“ на BBC, е емитуван интегрален дел за тоа како е снимана документарната програма, во којшто говорот на нараторот на емисијата и изјавите на членовите на екипата, се емитувани изворно на англиски јазик без превод на македонски јазик. Во рамки на емисијата „Радиус – Камена свадба“, се емитувани изјави на соговорници од Србија, изворно на српски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик. Во анализираниот ден е емитувана и снимка од концерт на српскиот пејач Жељко Јоксимовиќ, во којашто, обраќањата на пејачот кон публиката меѓу песните и најавите на песните, се емитувани изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4790/1 од 19.11.2024 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ на 21.11.2024 година, испрати Допис арх.бр.10-4790/2 од 21.11.2024 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4790/1 од 19.11.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен на 25.11.2024 г., за што во предвидениот рок ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на 2-та седница одржана на 21.01.2025 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) и Заклучокот бр.02-245/7 од 22.01.2025 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 21.01.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и му се наложува, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4790/1 од 19.11.2024.

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Управителот на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Одговорното лице на програмата во ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

| Примено: Pranuar: | | 19.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4790/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 ноември 2024 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 ноември 2024 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);
- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4 ноември 2024 година, на локално ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 4 ноември 2024 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици, без да биде обезбеден превод на македонски јазик (согласно дозволата за вршење радиодифузна дејност, треба да емитува програма на македонски јазик). Така, во рамки на емисијата „Радиус – Свадбениот пат на јагулата“ е емитувана изјава на соговорник од Албанија, изворно на албански јазик, без превод на македонски јазик. На крајот од документарната емисија „Планетата земја - Пештери“ на BBC, е емитуван интегрален дел за тоа како е снимана документарната програма, во којшто говорот на нараторот на емисијата и изјавите на членовите на екипата, се емитувани изворно на англиски јазик без превод на македонски јазик. Во рамки на емисијата „Радиус – Камена свадба“, се емитувани изјави на соговорници од Србија, изворно на српски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик. Во анализираниот ден е емитувана и снимка од концерт на српскиот пејач Жељко Јоксимовиќ, во којашто, обраќањата на пејачот кон публиката меѓу песните и најавите на песните, се емитувани изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **„Радиус“, епизода „Свадбениот пат на јагулата“** | 06:34:08 | 07:05:34 | Во рамки на емисијата „Радиус – Свадбениот пат на јагулата“, е емитувана изјава на соговорник од Албанија, изворно на албански јазик (трае 2 минути и 24 секунди), без превод на македонски јазик. |
| **„Планетата земја“, епизода „Пештери“ – документарна програма на BBC** | 08:27:03 | 09:24:16 | На крајот од документарната програма „Планетата земја - Пештери“ е емитуван интегрален дел во којшто нараторот на емисијата појаснува како е снимана епизодата, при што неговиот говор и изјавите на соговорниците, кои се членови на екипата (трае 8 минути и 17 секунди), се емитувани изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. Другиот дел од документарната програма е емитуван со превод на македонски јазик. |
| **„Радиус“, епизода „Камена свадба“** | 16:32:25 | 17:07:52 | Во рамки на емисијата „Радиус – Камена свадба“, се емитувани изјави на соговорници од Србија, изворно на српски јазик (вкупно траат 3 минути и 21 секунда), без превод на македонски јазик. |
| **Снимка од концерт на српскиот пејач Жељко Јоксимовиќ** | 21:04:55 | 22:46:20 | Емитувана е снимка од концерт во Белград на српскиот пејач Жељко Јоксимовиќ, во којашто, обраќањата на пејачот кон публиката меѓу песните и најавите на песните, се емитувани изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 4 ноември 2024 година, во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (српски, или англиски, или албански), без притоа да бидат преведени на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***